# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1066/4
16 -05- 2019

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 16 - та седница одржана на ден 10 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за натамошно постапување во предметот со број 09-1066/1 од 06.03.2019 година, поради промена на фактичката состојба, односно одговорното лице на општина Лозово, Орце Цветковски кое извршило избор за вработување на лицето Велин Николов, не ја извршува повеќе функцијата Градоначалник на општина Лозово .

Предметот со број 09-1066/1 од 06.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1066/1 од 06.03.2019 е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува за утврдување постоење судир на интереси во постапка за вработување во општина Лозово за лицето Велин Николов, братучед на Орце Цветковски, поранешен Градоначалник на општина Лозово.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, да иницира и да поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Велин Николов.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до општина Лозово, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

На седницата одржана на ден 10 мај 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека вработувањето на лицето Велин Николов е спроведено по Законот за државни службеници, но не е спроведена уредна и транспарентна постапка бидејќи посебните услови во барањето за огласување на работно место кои се однесуваат на степенот на образование, работното искуство и познавање работа со компјутери, не се совпаѓаат со истите предвидени со Правилникот за систематизацијата, и од пријавените 7 кандидати отфрлени се 5 кандидати од кои 2 кандидати исполнуваат исти услови како и селектираните, а наведеното лице Велин Николов е на двете листи (прифатени и отфрлени кандидати).

Согласно погоре наведеното, Државната комисија утврди дека постојат индиции за влијание од страна на Орце Цветковски, поранешен Градоначалник на општина Лозово при постапка за вработување на блиско лице. Но поради промена на фактичката состојба, односно одговорното лице на општина Лозово, Орце Цветковски кое извршило избор за вработување на лицето Велин Николов, не ја извршува повеќе функцијата Градоначалник на општина Лозово, ДКСК нема надлежност за натамошно постапување.

Врз основа на погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk